<u>Образец бр.1</u>

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | **Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука** |
| Министерство: | **Министерство за образование и наука** |
| Лице за контакт/одговорно лице: | **Министер, Никола Тодоров** |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | **Ноември, 2010** |
| Поврзаност со ЕУ директиви | **Не** |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

Со Предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на законот за стручно образование и обука се сака да се постигнат следните цели:

Заради подобрување и унапредување на казнената политика во Република Македонија, како и насоките и задолженијата од страна на Владата на Република Македонија за промена на законите и подзаконските акти, а со цел за усогласување, подобрување и унапредување на казнената политика, Министерството за образование и наука пристапи кон проценка на казнената политика во делот на стручното образование и обуката. Главниот проблем е тоа што во постојниот Закон за стручно образование и обука во делот на прекршочните одредби и глобите предвидени за работодавачот и одговорното лице кај работодавачот, сите прекршоци беа дадени како една казна, со единствена парична глоба, без притоа да се води сметка за степенот на одговорност на сторителот, побудите од кои е сторен прекршокот, тежината, видот, штетната последица, околностите под кои е извршен прекршокот, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставува општи правила за одмерување и изрекување на видот и висината на санкцијата. Исто така не е предвидена и постапка за едукација на извршителите на прекршоци пред поведување на прекршочната постапка.

**Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Измените и дополнувањето на Законот за стручно образование и обука се со цел да се постигне категоризација на прекршоците и санкциите за сторените прекршоци, односно да може во зависност од степенот на одговорност на сторителот, побудите од кои е сторен прекршокот, тежината, видот, штетната последица, околностите под кои е извршен прекршокот, начинот на кој е извршен прекршокот, видот и тежината на сторениот прекршокот да се изрече соодветна санкција, а не како што е во постојниот закон каде за сите прекршоци е предвидена една казна без одлед на тежината, видот, штетната последица, начинот на кој е извршен прекршокот, што всушност преставуваат општи правила за одмерување и изрекување на видот и висината на санкцијата. За одредени прекршоци е предвидена едукација со што им се овозможува на лицата или установите односно институциите да се спроведе постапка за едукација пред поведување на прекршочна постапка. Исто така се утврдува и рокот во кој министерот треба да ги донесе подзаконските акти предвидени во овој Предлог-закон.

**Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

-Министерството за образование и наука и Центарот за стручно образование и обука

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?
   Постоечкиот Закон за стручно образование и наука

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?
   Контакти со експерти и нивни забелешки и коментари.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?
   Потребна е иницијална проценка на влијанието на регулативата - постоечкиот Закон за стручно образование и обука, како и да се утврдат неговите слабости, а притоа да се земат во предвид и позитивните ефекти.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Во работната група формирана од министерот за образование и наука учествуваа претставници од Министерството за образование и наука и Центарот за стручно образование и обука